**Исплатен уште еден корисник на средства од ИПАРД програмата по четвртиот Јавен повик (02/2011)**

По успешна реализација на одобрената инвестиција уште еден корисник кој потпиша договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по Јавен повик 02/2011 доби средства од ЕУ фондовите наменети за рурален развој.




Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 179.564,00 денари на корисникот Билјана Бузлевска од Ресен. Од вкупно исплатените средства, 134.673,00 денари се средства од буџетот на ЕУ и 44.891,00 денари се средства од буџетот на РМ. Средствата се наменети за обновување на постоечките овошни насади.